СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

Здружение на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите



# КРАТОК ОСВРТ НА СОСТОЈБИТЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ИНДУСТРИЈА

Март, 2022 година

*Здравствено – економската криза предизвикана од пандемијата на корона – вирусот имаше негативни ефекти врз речиси сите стопански гранки, вклучувајќи ја и градежната индустрија. Драстичниот раст на цените на градежните материјали и енергенсите, ниската реализација и бавното администрирање на капиталните проекти, неизвесноста во деловното опкружување и правната несигурност предизвикана од честото менување на прописите кои го засегаат стопанството го отежнаа работењето на компаниите кои во отсуство на конкретни државни мерки прилагодени на потребите на градежната индустрија сами го понесоа товарот за справување со негативните ефекти од кризата врз нивните проекти, бизниси и вработени.*

## 1. Бруто – домашен производ

Економските индикатори за Бруто – домашниот производ ја потврдуваат незавидната положба во која се најде градежништвото по почетокот на пандемијата. Според волуменските индекси кај бруто-домашниот производ според производниот метод, забележан е пад на градежништвото во последните две години и тоа од 4% во 2020 година споредено со 2019 година, односно 3,8% во 2021 година споредено со 2020 година.







Вредноста на извршените работи во градежништвото според тековните цени во 2021 година изнесува 35.92 милијадри денари со мал раст во споредба со 2020 година. Учеството на градежништвото во вкупната вредност на БДП за 2021 година е 4,96%, што пак претставува намалување од 0,5 процентни поени во споредба со 2020 година.

## 2. Одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Бројот на издадени одобренија за градење бележи раст од 43,4 %, односно ако во 2020 година биле издадени 2.837, во 2021 година биле издадени 4.069 одобренија за градење. Најголем дел од нив или 60% се во делот на високоградбата каде преовладува станбената изградба, додека 11,8 % се во делот на нискоградбата.

Предвидената вредност на објектите во 2021 година изнесува 66, 5 милијарди денари што претставува раст од 37,7 % во однос на 2020 година кога предвидената вредност на објектите изнесувала 48,3 милијарди денари.









Најатрактивен за градење е Скопскиот регион каде се издадени 37,4% од вкупниот број на издадени одобренија за градење. Скопскиот регион е најатрактивен и во делот на станбената изградба, при што претходната година во овој регион се издадени одобренија за изградба на 7.892 стана што претставува 66 % од вкупниот број на станови за кои се издадени одобренија за градење на територија на целата држава.

### 3. Договорени и извршени градежни работи

Номиналната вредност на договорените градежни работи бележи континуиран пад во последните три години. Номиналната вредност на вкупните договорени градежни работи во 2021 година изнесува 50 милијарди денари што претставува пад 6,8 % споредено со 2020 година. Падот во високоградбата изнесува 6,1 %, додека во нискоградбата 7,5 %.







Номиналната вредност на извршените градежни работи во 2021 година изнесува 29,2 милијарди денари што претставува раст од 1,2 % споредено со 2020 година. Растот се должи на високоградбата каде изнесува 2,8%, додека во нискоградбата има незначителен раст од 0,1%.[1]

[1] Извор на податоците:
- *Државен завод за статистика*
- *Министерство за финансии*

## 4. Капитални расходи

Во наши услови секогаш се јавува расчекор меѓу планираните износи за капитални инвестиции во дадена буџетска година и реализираните износи, односно скоро редовна е практиката на потфрлање во реализацијата на планираните средства. Капиталните расходи за 2021 година со ребалансот на Буџетот се планирани на 29.804 милиони денари, од кои реализирани се 23.408 милиони денари или 78,36 проценти во однос на планираните.

## 5. Договорени и извршени градежни работи во странство

Во последните години македонската градежна оператива е се помалку присутна на странските пазари. Речиси и да нема поголеми градежни проекти на кои работат македонските градежни компании во странство, а статистичките податоци покажуваат значително намален обем на извршени работи на странските пазари. Најголем дел од градежните работи во странство кои за претходната година изнесувале 135 милиони денари биле извршени во Германија, Босна и Херцеговина и Црна Гора.




## 6. Број на вработени и плати

Бројот на вработени во градежништвото во 2021 година е 54.378 лица, што претставува пад од 1,4% споредено со 2020 година, односно 2,6% споредено со 2019 година.

Просечната нето – плата исплатена по вработен во секторот во 2021 година изнесува 27.038 денари што претставува раст од 6,6 % споредено 2020 година, односно од 15,5 % споредено со 2019 година.






7. Производство на други неметални минерални производи

Индустриското производство на други неметални минерални производи[2] кое учествува со 4,8 % од вкупното индустриско производство, во 2021 година бележи раст од 12.6 % во однос на 2020 година, додека во 2020 година во однос на 2019 година бележи пад од 8,1%.

Во делот на трговската размена кај другите неметални минерални производи континуирано има дефицит во трговската размена. Така, во 2021 година извозот на други неметални минерални производи достигнал 90,8 милиони УСД, додека увозот 605,7 милиони УСД, при што дефицитот изнесува 514.9 милиони.




**Проблеми и предизвици кои го доведуваат во прашање опстанокот на градежните компании:**

- *Негативни ефекти од здравствено – економската криза и глобалните случувања кои доведуваат до неизвесен деловен амбиент и неможност за долгорочно планирање на деловните активности;*
- *Драстичен раст на цените на градежните материјали и енергенсите;*
- *Зголемени трошци за изведба како резултат на порастот на цените за градежни производи и работна сила;*
- *Пораст на минималната плата која според укажувањата на бизнис заедницата не е проследена со пораст на продуктивноста на трудот и ефективноста на работниците;*
- *Зголемен број на неработни денови како резултат на последните законски решенија согласно кои недела е ден на неделен одмор во градежната индустрија;*
- *Непостоење на државни мерки за поддршка конкретно наменети и прилагодени за градежните компании со цел справување со негативните ефекти од кризата.*

---

[2] *Производството на други неметални минерални производи според Националната класификација на дејности опфаќа производни дејности поврзани со една супстанција од минерално ппотекло, односно производство на стакло и производи од стакло, керамички производи, плочки и производи од печена глина, цемент и гипс, вклучувајќи го и производството на обликуван и финализиран камен.*